Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 12 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147.24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2024 година

# ПРАВИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА УНИВЕРЗАНИОТ СНАБДУВАЧ

**Член 1**

Во Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и 126/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/22), во членот 7 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) По исклучок на ставовите од (1) до (6), универзалниот снабдувач може и самостојно да набавува електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во земјата или странство заради оптимизирање на своето портфолио и економичност и ефикасност на постапките, врз основа на претходно воспоставени правила од операторите на организираните пазари на електрична енергија на коишто учествува.“

**Член 2**

Овие правила влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 02-1331/1**
**18 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги, како еден од основачите на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје којшто врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија, со обврски за обезбедување на снабдување со електрична енергија како универзална услуга и за снабдување со електрична енергија во краен случај, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави предлог за изменување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-1209/1 од 28 јуни 2024 година. Предлогот се однесува на можноста на универзалниот снабдувач да набавува електрична енергија на организираниот пазар во земјата или странство како исклучок од членот 7 од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, во којшто се воспоставува квалификациски систем и за набавка на електрична енергија на организиран пазар.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа предлогот и го констатира следното:

Согласно член 24 став (1) точка 1) алинеја 12 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24) Регулаторната комисија за енергетика донесува правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач. Во членот 101 ставот (1) точката 6) од Законот за енергетика*, универзалниот снабдувач е должен да набави електрична енергија по пазарни услови со избор на најповолна понуда во согласност со правилата за набавка на електрична енергија донесени од Регулаторната комисија за енергетика.

Почнувајќи од мај 2023 година во Република Северна Македонија функционира организираниот пазар на електрична енергија (берза) за временскиот период ден однапред управувана од страна на оператор на организираниот пазар на електрична енергија, МЕМО ДООЕЛ Скопје. Работата на берзата на електрична енергија е според Правилата за работа на организиран пазар на електрична енергија одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, додека износот на надоместоците за учество на организираниот пазар на електрична енергија се утврдува врз основа на годишна одлука донесена од МЕМО ДООЕЛ Скопје којашто се одобрува од Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика смета дека самостојното учество на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје на организираните пазари на електрична енергија ќе ја подобри оптимизацијата и ефикасноста во работењето, а едновремено ќе биде поекономично поради фактот што нема да има потреба да биде застапуван од квалификуван посредник во случаите кога квалификуван понудувач не ја исполнил договорната обврска за испорака на електрична енергија на Универзалниот снабдувач. Понатаму цените коишто се постигнуваат на берзите на електрична енергија се сметаат за транспарентни и имаат пазарна вредност бидејќи се засновани на вкрстување на понудата и побарувачката на електричната енергија.

Регулаторната комисија за енергетика со решение број 02-1286/1од 8 јули 2024 година свика подготвителна седница на која предмет на разгледување беа Предлог Правилата за изменување и дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач.

На подготвителната седница беа поканети претставници на АД ЕВН Скопје, АД ЕСМ Скопје, АД МЕПСО Скопје, МЕМО ДООЕЛ Скопје, Агенција за енергетика, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за економија и труд, Стопанска комора на

северозападна Македонија, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, ЕФТ, ЕТМТ, ХСЕ МАК Енерџи, ГЕН-И продажба, Данске комодитис, ЕДС, Елнор, Енерџи Активе, Енерџи он, ЕВН Снабдување, ОКТА, РЕС, СБП Енерџи Продакшн, Трелинг, Дуферко, Соле 24.

На 12 јули 2024 година Регулаторната комисија за енергетика одржа подготвителна седница на која учествуваа: АД ЕСМ Скопје, АД ЕВН, РЕС, ГЕН-И.

На подготвителната седница од страна на АД ЕСМ Скопје и АД ЕВН беа дадени забелешки/ барања за појаснување во однос на Предлог Правилата за изменување и дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач. АД ЕСМ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика достави забелешки заведени во архивата на Регуалторната комисија за енергетика под бр. 12-1209/3 од 10.07.2024 година. На подготвителната седница беше одговорено на наведените забелешки односно дека со предложените измени не се интервенира во начинот на спроведување на поединечните набавки на пазарот на билатерални договори, туку дека се воведува можност за ЕВН ХОМЕ да може да одлучи самостојно да учествува на организираниот пазар, а заради оптимизирање на портфолиото и економичност и ефикасност на постапките.

Имајќи ги во предвид доставените забелешки на подготвителната седница, Регулаторната комисија за енергетика изработи текст на Правилата за дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач.

Регулаторната комисија за енергетика на 18 јули 2024 година одржа седница на која ги донесе Правилата за дополнување на Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач.